списанија и на крајот се дадени појаснувања за кртаениките.

На крајот од книгата се регистрите: регистарот на песните, предметниот регистар, регистарот на личните имиња и регистарот на географско-топографските имиња.

Народните песни отсекогаш се придружник на времето. Народните чувства и настојувања се стремат да бидат обелоденети и опредметени во исказ или поетско сведоштво. Македонските народни песни за НОБ и Резолуцијата се создаваат и се развиваат напоредно со разгорувањето на народната революционерна свест и нејзините цели на борбата.

Во заклучокот на оваа книга авторот истакнува дека македонските народни песни за НОБ и Револуцијата имаат свој специфичен систем на поетика. По содржинско-стилските носивости и одлики, тие се лирски, лирско-епски или епско-лирски и епски песни. Како целина, тие имаат цврсто композициско-стилско единство, национален колорит на поетскиот јазик, а се истакнува рустикалниот јазичен критериум, посебно традиционалното обликување на темите и мотивите, изразните средства и слично. Идејната насоченост и поетските пораки на овие песни, со завршни и заклучни поенти, најблиску се поврзани со идејните основи, цели, борбениот и револуционерниот дух и карактер на НОБ и Револуцијата.

Материјалите со кои се служел авторот при изготвувањето на оваа монографија, главно ,се архивски необјавени извори необјавени сеќавања, објавени извори и литература, како и негови лични поставки до кои дошол во своите долгогодишни истражувања во оваа област. Неговото одлично познавање на историските прилики, македонската културна историја и историјата на литературата, фолклорот и литературата каде досега постигнал забележливи резултати, критичкиот однос, како и апликацијата на новите факти, ни овозможуваат да заклучиме дека спомнатата студија на д-р Симо Младеновски претставува оригинален научен труд кој претставува мошне значаен прилог за современата македонска научна мисла. Богатиот и содржаен стил во опишувањето на проблематиката за која станува збор, со оригиналните и самостојни заклучоци претставува мошне значаен труд кој ќе го сврти вниманието на научната јавност и на пошироката читателска публика.

Благој СТОИЧОВСКИ

## И. Я. ЛЕРНЕР, Развитие мышления учащихся в процессе обучения истории (Развитокот на мислењето во процесот на наставата по историја), Москва 19882, 190.

Ова е најновата монографија на познатиот советски дидактичар и методичар Лернер, чија најнова студија од дидактиката ја прикажавме во овој број на списанието.[1]) Оваа студија е примена на Лернеровата класификација на наставните методи на една од

[1]) Види го нашиот приказ за книгата на И. Я. Лернер, Дидактические основи методов обучения, Москва, 1981.

најважните задачи на наставата по историја — развитокот на историското мислење, таа е истовремено и кулминациона точка во неговата досегашна работа на методиката на наставата по историја.[2])

Студијата се состои од увод, шест поглавја, заклучок и список на користената литература. Насловите на поглавјата сведочат за сестрана обработка на проблемот, па нив ги наведуваме: I. Општа карактеристика на мислењето и неговата специфичност во историското сознание; II. Дидактички претпоставки на наставата по историја и развитокот на мислењето; III. Развиток на мислењето со изнесување на нови информации; IV. Формирање на умеења и ориентации во областа на мислењето; V. Развиток на творечкото мислење на часовите по историја и VI. Развиток на мислењето во целокупниот наставен процес. (Нагледно изучување на една тема). Авторот теоретски ја заснова темата и покажува на конкретен историски материјал како се развива мислењето на ученикот во процесот на усвојување на знаењата, умеењата и навиките. Тој и понапред се занимавал со прашањето за развитокот на мислењето во наставата по историја[3]) и историското мислење го дефинира како „единство на содржини, методолошки знаења, начини на умствени работи и ориентација на личноста на нивната примена спознавање и осмислување на конкретните историски појави" (стр. 30). Важните компоненти на историското мислење се:

— начините на аналитичко-синтетичкото мислење кои се остваруваат по пат на логичните операции (воопштување, апстрахирање, класификација, индукција, дедукција) на содржините на историјата;

---

[2]) Од областа на методиката Лернер ги објави и овие значајни трудови: Познавательние задачи в обучении истории, Москва, 1968.; Познавательние задачи и задания по истории СССР (VIII класа), Москва, 1970.; Образование Росийской империи в начале XVIII века; Материяли для експерименталькой работе в VII класе, Москва, 1977.

[3]) Во својата работа „Изучение истории СССР в IX класе — Вопроси активизации познавательной деятелности учашчихся," Москва, 1967., стр. 48 Лернер вака ја формулира особеноста на историското мислење во целината на наставниот процес: 1. Умеењето да се опишат општествените појави или настани со правилно одбирање на цртите и фактите што за нив се карактеристични; 2. Објаснувањето причината за настанувањето на било која историска појава; 3. Стремежот да се утврдат условите што ја придружуваат историската појава и нивната взаемна врска; 4. Сознанието на преодниот карактер на историската појава, на нивното историско значење; 5. Спознавањето за разновидноста на конкретното пројавување на закономерноста на историјата; 6. Истражувањето на тенденции за развитокот кој е иманентен на секоја историска појава; 7. Испитувањето на социјалните мотиви што ја определуваат дејноста на општествените групи или на одделните личности; 8. Оцената на историските појави од позициите на партијноста и степенот на нивната прогресивност; 9. Интересирањето за споредување на минатото со сегашноста; 10. Умеењето да се извлекуваат од фактите поуките од историјата.

— основните принципи на мислењето кои се остваруваат согласно со законите на дијалектиката;

— искуството на творечката дејност, кое се гледа во нејзиините процедури и во нивната поврзаност;

— основните идеи на материјалистичкото сфаќање на историјата, кои се истражуваат како основни принципи на историското сознание. Сфаќањето на тие идеи како ориентир и средства на сознанието мора да достигне степен на ориентација на личноста за нивна методолошка примена.

Разработувајќи ги овие компоненти авторот констатира дека тие во реалниот процес на мислење „се преплетуваат една со друга и наизменично едната ја условува другата" (стр. 31). Историското мислење треба да се негува во текот на целиот наставен процес и со сите негови средства Историското мислење е неопходен елемент на историското образование и работата на неговото формирање се потчинува на законите за остварување на наставниот процес во целина, на неговите методи и етапи.[4])

Почетното сознание на ученикот, во сите предмети па и во историјата, почнува со нова информација во вербален, ликовен или предметен облик. Ученикот не може да ги осмисли тие информации ако наставникот (или учебникот) не му го откриваат сознајните структури кои се состојат од: примери на дијалектичкото мислење; норми на логичкото мислење и методолошки знаења и тоа на конкретниот историски материјал и во склад со возрасните можности. Историското мислење може да се негува само со решавање на проблемските задачи. Авторот наведува типологија на проблемските задачи во кои таксативно се наведуваат битните барања кои мора да се исполнат во нивното формулирање и тоа: 19 барања за задачи усмерени на формирање логичко мислење, 6 барања усмерени на усвојување норми на дијалектичко мислење и 9 барања усмерени на усвојување на методолошки знаења.[5]) Авторот дава проблемски за-

[4]) Како Лернер ја сфаќа содржината на образованието и како ги класифицира наставните методи се гледа од нашиот приказ (во овој број на списанието) на неговата книга „Дидактичкие основи методов обучения".

[5]) Како пример ја наведуваме Лернеровата типологија на сознаените задачи усмерени на усвојување методолошките знаења: 1. Сестран опис на настаните, појавите или процесите, нивната многуструка карактеризација и значење; 2. Објаснување на причините и условите за настанувањето на историските појави; 3. Покажување на можности за спознавање историските факти и процеси; 4. Сфаќање закономерностите на историјата и нивната примена во објаснувањето на историските факти; 5. Класен марксистичко-ленинистички приод кон анализа на појавите, водење сметка за социјалните мотиви на дејноста на личностите и класите; 6. Почитување на принципот на историзмот, генетичко приоѓање кон појавите и осмислување периодите на развитокот; 7. Осмислување тенденциите на историскиот развиток; 8. Признание и прифаќањена практиката во својството — критериум на вистината; 9. Извлекување поуки од минатото за современоста и споредување на минатото и современоста.

дачи на одделни врсти од својата типологија на конкретни примери од историјата, нагласувајќи дека оваа типологија не треба да се сфати како шема, туку како поттик на наставниковиот создавачки пристап кон работата на проблемските задачи со кои се формира историското мислење на ученикот.

Авторот го подвлекува значењето а негувањето на наставните умеења за развитокот на историското мислење на ученикот. Наставните умеења ги дели на организациони, практични и интелектуални.

Најважните наставни умеења (или умеење на учење) се: сфаќањето целта на задачата; одредувањето средства и планирање дејност за исполнување на задачата; умеењето да се работи со разни врсти на книги; составувањето конспекти, реферати и тези; означувањето круг на суштинските прашања на дадените теми; формирањето на дефиниции; умеењето на точно формулирање на мисли; умеењето да се сфатат и формулираат судовите во поврзана редица; умеењето да се работи со карти, графикони, наставни средства, слики и таблици; умеењето да се систематизира материјалот од разни извори; умеењето да се воспоставува заборавената содржина врз основа на логичкото заклучување од делот на таа содржина; умеењето да се контролираат сопствените дејности и да се коригираат сопствените дејности врз основа на искрснатите тешкотии во работата и новите околности; умеењето да се оценуваат резултатите на воспитната работа во зависност од целта на задачите итн.

За да би се развивало творечкото мислење на часовите по историја треба постојано да се решаваат проблемските сознанија на задачите чија содржина е примена на дијалектичко-материјалистичкото сфаќање на историјата и на методите на сознавање фактите, настаните, појавите и процесите на историскиот развиток. Тој систем на проблемските задачи може да се изработи само ако се земат предвид сите релевантни проблеми кои се важни за секоја или за повеќе историски појави. Авторот дава табела со дефиниции за 15 клучни проблеми кои ги нарекува **аспектни,** зашто ги одразуваат одделните, но и битните страни на историскиот процес. Тие проблеми, со усвојувањето на значењата, можат да се решат со помош на три принципиелно различни методи и тоа:

1. Со соопштување начинот на решавање конкретните задачи со давање алгоритам. Начинот на решавањето се утврдува со вежбање.

2. Со соопштување начинот на решавање со примена во варијантни ситуации во рамките на дадениот вид на задачата. Соопштувањето на алгоритамот им се остава на учениците и тие доаѓаат спонтано до него.

3. Со самостојно учениково истражување патот и начинот на решавање конкретни задачи со подоцнежното утврдување алгоритамот на некои видови задачи.

Авторот истакнува дека наведените три методи за решавањето на проблемите со усвојување на знаењата во реалниот наставен процес можат да имаат различен редослед и можат да се вкрстуваат и спојуваат во различни ком-

бинации. Во работата за развитокот на историското мислење на ученикот, наставникот треба постојано да бара учениците да го докажуваат своето тврдење и оценки. За да би се постигнало тоа наставникот треба на учениците постојано да им ги објаснува смислата и правилата на докажувањата. При тоа е пожелно наставникот да им дава на учениците и потсетник кој ќе го усмерува на исправно решавање на поставената задача.

Во последната глава на монографијата, авторот ги покажува сите аспекти од развитокот на историското мислење по пат на проблемски задачи на наставната тема „Формирањето на Руската империја во XVIII век". Ова поглавје е многу инспиративно како пример како се развива практично историското мислење на ученикот во целокупниот наставен процес.

Иако авторот посветува исклучително внимание на постапките, методите и процедурите во развитокот на мислењето, тој е далеку од формалистичкото сфаќање дека развитокот на мислењето е просто формирање на оперативниот систем на човековата умствена дејност. „Мислењето се формира и се реализира во одредени содржини. Наставниците и методичарите треба на содржината да ѝ посветуваат најголемо внимание со помош на која се развива мислењето на ученикот. Тие (содржините) не се состојат само од информации за настаните, врските и законитостите кои се наоѓаат во основата на историскиот процес, туку и од методите и од анализите на истражувањата на социјалните појави и на сестраното осмислување начинот да го применат знаењето и идеите за оцена на дејноста во оваа или во онаа конкретна ситуација". (стр. 182).

Просторот за приказ на овој труд е мал да се изнесат сите поважни поставки и методски сугестии кои авторот ги дава во оваа исклучително добра книга. Затоа им препорачуваме на колегите-наставници по историја да го проучат овој труд и во својата работа постојано да ги имаат предвид инспиративните упатства за една, за наставата по историја, исклучително важна задача каква што е формирањето на историското мислење на ученикот. Би било добро ако Заводот за издавање на учебници ја преведе оваа книга, за да му биде истата достапна на секој наш наставник.

Милутин Перовиќ

*(Превела од српскохрватски јазик Ксенија Цидрова-Македонска)*

## ЗНАЧАЕН ПРИДОНЕС НА МАКЕДОНСКАТА ОНОМАСТИКА

Топономастичката наука, која егзистира во рамките на јазичниот медиум, нуди драгоцени податоци за материјалната и духовната култура на народот. Заради тоа топонимите (географските имиња) се одраз на културно-историските настани, а топономастиката е научна дисциплина тесно сродна со историјата, археологијата, лингвистиката итн.

Книгата на д-р Олга Иванова, *Месните имиња на областа по сливот на Брегалница* (во издание на